БРОКЕРСКА КУЌА
ИНВЕСТБРОКЕР АД СКОПЈЕ
www.investbroker.com.mk
ул."Истарска" бр.33 1000 Скопје, Р.Македонија Тел: ++389 02 3 110 280: 3100 290 факс: 3 103 291; 3103 292 ; 3103297
e-mail: investbroker@investbroker.com.mk

**Понуда за преземање**

ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје ул. "Истарска" бр.33, Скопје регистрирана во Р.С. Македонија со службена адреса на ул. "Истарска" бр.33, Скопје, во име и за сметка на Селаудин Арифи со адреса на ул. Крушевска број 10, Кичево, Р.С. Македонија, („,Преземач",) во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва, ја дава следнава

## ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

на 2852 обични акции со право на глас издадени од акционерското друштво Мелничко пекарската индустрија Жито Караорман АД Кичево, регистрирано во Централниот регистар на Република С.Македонија со ЕМБС 4005139 и седиште на бул. Илинден бр. 44, Кичево („Жито Караорман АД Кичево")

1. Понудата за преземање се однесува на 2852 обични акции со право на глас издадени од Жито Караорман АД Кичево со ИСИН број: ISIN MKKARK101013. Преземачот веќе поседува 8199 обични акции, односно 74,19% од обичните акции со право на глас издадени од Жито Караорман АД Кичево.
2. Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции издадени од целното друштво Жито Караорман АД Кичево. Преземачот се обврзува да ја купи секоја хартија од вредност во согласност со пропишаните и објавените услови.
3. Преземачот се обврзува да ги откупи акциите кои се предмет на Понудата за преземање по цена од 615,00 денари за една акција. Согласно член 14, став 3 од Законот за преземање на акционерски друштва, понудената цена од 615,00 денари за една акција е утврдена врз основа на просечната цена постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред објавата на намерата за преземање и врз основа на цената по која Преземачот ги стекнал акциите кои веќе ги поседува.
4. На имателите на хартиите од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на Понудата, односно сите трошоци во врска со Понудата за преземање ги сноси Преземачот.
5. Согласно член 34 од Законот за преземање на акционерските друштва, Преземачот депонираше парични средсва во Централниот депозитар за хартии од вредност во износ кој е доволен за да се исплатат сите иматели на акции од Жито Караорман АД Кичево што ја прифатиле Понудата за преземање по понудената цена.

Централниот депозитар за хартии од вредност ги префрла паричните средства на банкарската сметка која акционерот на Жито Караорман АД Кичево што ја прифатил Понудата за преземање, ја навел во писмената изјава за прифаќање на Понудата за преземање, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението на Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање.

6. Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на Понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на Понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува на 18.08.2023 година и завршува на 14.09.2023 година.
7. Не се определува најмала количина на хартии од вредност на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна, односно Преземачот нема утврдено праг на успешност. Понудата ќе се смета за успешна без оглед на количината на хартии од вредност која ќе биде прифатена, освен во случаите предвидени во член 46 од Законот за преземање на акционерските друштва.
8. Со оглед на тоа што за стекнување на хартиите од вредност, предмет на оваа Понуда за преземање не е потребна согласност од друг надлежен орган, оваа Понуда не содржи услов за раскинување.

ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје

Директор

Филип Петрушевски

Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР А.Д. Скопје акционерско друштво